Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 107, 15 август 2013 година

август 2013 година
Штип

## СОДРЖИНА

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област право на Европската унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 3

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во наставно-научно звање насловен доцент во наставно-научната област право на Европската унија на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 14

**РЕФЕРАТ** за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област земјоделско инженерство на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 22

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научната област фитопатологија на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 30

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Системи на квалитет и стандарди“ (скрипта) од авторот д-р Елизабета Митрева и коавторот м-р Сашка Голомеова од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Нега на текстил“ од авторот доцент д-р Киро Мојсов од Технолошко-технички факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 40

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Практикум по предметот Казнено право применета програма“ од д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 42

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот Казнено право применета програма“ од д-р Олга Кошевалиска, асистент на Правен факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 44

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис на скрипта со наслов „Молекуларна биологија со генетика“ од доц. д-р Дарко Бошнаковски, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 46

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракопис на практикумот со наслов „Молекуларна биологија со генетика“ од доц. д-р Дарко Бошнаковски, асс. м-р Мишко Милев и асс. м-р Марија Караколевска - Илова, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 49

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за скрипта „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска, Факултет за медицински науки, стоматологија, Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 51

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за практикумот „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска, Факултет за медицински науки, стоматологија,Универзитет „Гоце Делчев” во Штип ........ 54

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата ........ 56

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА ПРАКТИКУМОТ „ОРТОДОНЦИЈА 1“ ОД ДОЦ. Д-Р СТИПИЦА ПОПОВСКИ И АСС. Д-Р АНА РАДЕСКА, ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, СТОМАТОЛОГИЈА, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, како и Одлуката бр. 2502-112/45 од 93. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип, одржана на 18 јуни 2013 година, формирана е Рецензентска комисија во состав:

– доц. д-р Цена Димова, доцент на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, специјалист орален хирург,
– проф. д-р Ана Миновска, професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, специјалист по болести на уста и парадонтот,

за рецензија на приложениот ракопис „ОРТОДОНЦИЈА 1” од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска, наменет за практикум за студентите од прв циклус додипломски студии на Студиската програма по општа стоматологија и Студиската програма за стручни студии по забен техничар-протетичар на Факултетот за медицински науки.

По извршениот преглед на ракописот, Комисијата го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Општи податоци за ракописот***

Ракописот „Ортодонција 1” од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска е концепиран и пишуван според Наставниот план и програма на предметот Ортодонција 1 кој се изучува на прв циклус студии на Студиската програма по стоматологија на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип, во седмиот семестар со 3+2+1 неделен фонд на часови и 5 кредити, како и според Наставниот план и програма на предметот Ортодонција 1 кој се изучува на студиите од првиот циклус на додипломска настава на Студиската програма за стручните студии по забен техничар-протетичар во третиот семестар со 2+2+1 неделен фонд на часови и 4 кредити. Ракописот кој им е доставен на рецензентите претставува целосен материјал преку кој студентите ќе можат да добијат сознанија потребни за предметната материја, но и ќе може целосно да се реализираат барањата на предметната програма и ЕКТС системот.

***Податоци за обемот на ракописот***

Содржината на ракописот кој е наменет за издавање на привремено учебно помагало во вид на скрипта по истоимениот предмет Ортодонција 1 е претставен во текст од вкупно 80 страници и 50 илустрации. Трудот е пишуван во А4 формат со нормален проред, употребен е фонд Ariel и со големина на буквите 12. Ракописот е подготвен според стандардната методологија, а обемот на трудот и неговата содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

***Податоци за постоење на ист или сличен наслов***

Во основа ракописот на скриптата е резултат на темелно истражување на обемната стручна литература. Постоечката литература на нашите простори, поточно учебниците со наслов „Ортодонција“ и „Ортопедија на заби и вилици“ (коишто се наведени во користената литература) во одделни делови делумно ја покриваат наставната материја, односно во одделни поглавја се и од многу поширок аспект. Имено, и од називот на предметот Ортодонција 1

јасно се укажува на постоење на прецизно дефинирање и ограничување на содржината на текстот. Програмскиот концепт на предметот во значителна мера овозможува поширока и подетална содржина на поставените тематски единици. Авторите на едноставен начин и со јасен стил на ракописот сублимирано ја претставува материјата кој се изучува во оваа базична и затоа многу важна гранка во стоматологијата. Комплексниот пристап кон содржините. од една страна, и намерата да се прикаже и потенцира практичното значење на овие сознанија, од друга страна, само го потврдува темелниот пристап во подготовката на ракописот.

***Краток опис на содржината***

Ракописот е напишан на лесен и разбирлив јазик. Материјата е распределена во две поглавја. Првото поглавје ја опфаќа ортодонтската дијагностика со посебен осврт на гнатометриската анализа како есенцијален сегмент во ортодонтската дијагноза, како и на кефалометарската анализа. Второто поглавје насловено *Ортодонтска мобилна терапија* дава осврт на видовите на ортодонтски мобилни апарати кои се користат во третманот на ортодонтските малоклузии, начинот на нивна изработка, составните елементи, како и начинот на делување при третманот на малоклузиите. Ракописот ја постигнал и својата главна цел - да се воведат студентите во проблематиката на ортодонцијата, преку лесно препознавање на малоклузиите и современтите третмански можности на ортодонтска терапија. Ракописот на доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска претставува рационално структуриран сублимиран материјал на една поширока тема, која на студентите на многу едноставен начин им ги претставува основните знаења од оваа многу значајна област од стоматологијата, но исто така и спецификите кои се однесуваат начинот на формирање на малоклузиите, последици кои настануваат ако не се правилно дијагностицирани и третирани, како современиот пристап во раното откривање, превенирање и третирање на малоклузиите.

Цитирана е литература од светско подрачје.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата го предложува следниов

**З А К Л У Ч О К**

Ракописот за учебното помагало практикум „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска ги опфаќа сите содржини од теоретски и практичен аспектматеријалите кои се употребуваат перманентно во амбулантно клинички услови, како и во заботехничката лабораторија, адаптирани според Наставната програма и содржина на предметите „Ортодонција 1“ од Програмата по стоматологија и по предметот Ортодонција 1 од студиската програма за стручни студии за забен техничар-протетичар на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Со издавање на овој ракопис студентите на стоматологија и студентите на стручните студии по забен техничар-протетичар ќе имаат можност да ги изучуваат стоматолошките материјали на македонски јазик.

Приложениот ракопис во целост ги задоволува критериумите за учебно помагало-практикум, како и условите за издавање пропишани според Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет ракописот „Ортодонција 1“ од доц. д-р Стипица Поповски и асс. д-р Ана Радеска да биде издаден како учебно помагало-практикум за студентите на стоматологија и за стручните студии забен техничар-протетичар на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Доц д-р Цена Димова, с.р.**
**Проф. д-р Ана Миновска, с.р.**

**П Р Е Г Л Е Д**

**на наслови на теми за изработка на магистерски/специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Ред. број | Наслов на тема | Одлука бр. | Ментор | Студент |
|---|---|---|---|---|
| Единица на Универзитетот **Факултет за музичка уметност** | | | | |
| 1 | Музиката на Дјук Елингтон | 1902-142/6 од 25.05.2012 година | Проф. д-р Кирил Рибарски | Филип Стевановски |